МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**ПРАВИЛНИК**
**ЗА НАЧИНОТ НА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ДЕЛ ОД ТРОШОЦИТЕ ЗА КУПУВАЊЕ НА СТАН ВО ЛИЧНА СОПСТВЕНОСТ НА АКТИВНИОТ ВОЕН И ЦИВИЛЕН ПЕРСОНАЛ НА СЛУЖБА ВО АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Скопје, Март 2010

Врз основа на член 196 став 4 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/10), министерот за одбрана донесе

**ПРАВИЛНИК**
**ЗА НАЧИНОТ НА СУБВЕНЦИОНИРАЊЕ НА ДЕЛ ОД ТРОШОЦИТЕ ЗА КУПУВАЊЕ НА СТАН ВО ЛИЧНА СОПСТВЕНОСТ НА АКТИВНИОТ ВОЕН И ЦИВИЛЕН ПЕРСОНАЛ НА СЛУЖБА ВО АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ОД СТРАНА НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ОДБРАНА**

**Член 1**

Со овој правилник се пропишува начинот на субвенционирање на дел од трошоците за купување на стан во лична сопственост на активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата на Република Македонија (во натамошниот текст: Армијата), од страна на Министерството за одбрана.

**Член 2**

Субвенционирање на дел од трошоците од страна на Министерството за одбрана за купување на стан во лична сопственост има активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата кој по предходно спроведена анкета и лично потпишана писмена изјава, позитивно се изјаснил за решавање на станбеното прашање со купување на стан во лична сопственост од Проектот на Министерството за одбрана „АРМ мој вистински дом“ и дека со купувањето на стан од овој проект, престанува да остварува определени права по овој основ утврдени во Законот за служба во Армијата на Република Македонија.

**Член 3**

Активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата при купување на стан во лична сопственост плаќа од лични средства 30% учество од утврдената цена на станот по метар квадратен .

Останатите 70% од утврдената цена на станот по метар квадратен се плаќаат во наредните десет години од денот на склучување на договорот за купување на стан, на банката која го одобрила кредитот .

Плаќањето на камата на преостанатите 70% од утврдената цена на станот по метар квадратен ја субвенционира Министерството за одбрана.

Активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата може преостанатиот дел од 70% од утврдената цена на станот по метар квадратен да го плати и порано од предвидениот рок за отплата утврден во договорот за купување на стан.

**Член 4**

Субвенционирање на дел од трошоците за купуваање на стан во лична сопственост од страна на Министерството за одбрана се состои од:

- регулирање на обврската за обезбедување на локација за изградба на станови од Проектот на Министерството за одбрана „АРМ мој вистински дом“;
- регулирање на обврската за комунални трошоци кон единицте на локалната самоуправа;
- регулирање на обврската за изработка на проектна докумкенатција за изградба на станови од Проектот на Министерството за одбрана „АРМ мој вистински дом“ и

- регулирање на обврската за плаќање на камата за останатите 70% од утврдената цена на станот по метар квадратен на банката која го одобрила кредитот.

**Член 5**

Хипотеката како гаранција за одобрениот кредит од банката е за периодот додека се исплаќаат ратите за станот.

**Член 6**

При субвенционирање на дел од трошоците за купување на стан во лична сопственост особено се земаат во предвид:

1 местото на службување;

2. користење на стан под закуп, надоместок на трошоци за закупнина на стан;

3. години на работен стаж;

4. семејна состојба (семејство, број на членови на семејно домаќинство);

5. користење на право на превоз (стварни трошоци-право на организиран превоз или надоместок на стварни трошоци за превоз);

6. степен на оштетување на организмот, како последица на вршење на службата во Армијата утврден со акт на надлежен орган;

7. инвалидност на член на семејно домаќинство утврдена со акт на надлежен орган и

8. квадратура на станот што го имаат во сопственост добиен од станбениот фонд на поранешната ЈНА односно Министерството за одбрана или купен стан од сопствени средства.

**Член 7**

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

**МИНИСТЕР ЗА ОДБРАНА**
**Зоран Коњановски**

**Р Е П У Б Л И К А   М А К Е Д О Н И Ј А**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА**

# ПРАВИЛНИК
# ЗА СТАНБЕНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА АКТИВНИОТ ВОЕН И ЦИВИЛЕН ПЕРСОНАЛ НА СЛУЖБА ВО АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО КУПУВАЊЕ НА СТАН ВО ЛИЧНА СОПСТВЕНОСТ

**Скопје, Април 2010 година**

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на РМ“ бр.58/2000, 44/2002 и 82/2008) а во врска со член 196 став 4 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр.36/2010), министерот за одбрана донесе

ПРАВИЛНИК

ЗА СТАНБЕНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА АКТИВНИОТ ВОЕН И ЦИВИЛЕН ПЕРСОНАЛ НА СЛУЖБА ВО АРМИЈАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО КУПУВАЊЕ НА СТАН ВО ЛИЧНА СОПСТВЕНОСТ

Член 1

Со овој правилник се утврдува станбеното обезбедување на активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата на Република Македонија (во натамошниот текст: Армијата), со купување на стан во лична сопственост со уплаќање на лични средства 30% учество од утврдената цена по метар квадратен на станот и субвенционирање на дел од трошоците од страна на Министерството за одбрана, со плаќање на каматата на останатите 70% од утврдената цена станот по метар квадратен.

Член 2

Станбено обезбедување со купување на стан во лична сопственост со уплаќање на лични средства 30% учество од утврдената цена на станот по метар квадратен и субвенционирање на дел од трошоците од страна на Министерството за одбрана, со плаќање на каматата на останатите 70% од утврдената цена на станот по метар квадратен, има активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата кој по предходно спроведена анкета и лично потпишана писмена изјава, позитивно се изјаснил за решавање на станбеното прашање со купување на стан во лична сопственост од Проектот на Министерството за одбрана „АРМ мој вистински дом“ и дека со купувањето на стан од овој проект, престанува да остварува определени права по овој основ утврдени во Законот за служба во Армијата на Република Македонија.

Член 3

Активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата кој позитивно се изјаснил за решавање на станбеното прашање со купување на стан во лична сопственост од Проектот на Министерството за одбрана „АРМ мој вистински дом“ продолжува да ги остварува стекнатите права по овој основ утврдени во Законот за служба во Армијата на Република Македонија до моментот на предавање на клучеви од станот.

Член 4

Во рамките на Проектот на Министерството за одбрана „АРМ мој вистински дом”, согласно Програмата за изградба на станови на припадниците на Армијата донесена од Владата на Република Македонија, ќе бидат изградени три вида на станови и тоа:

- Еднособни (од околу 35 метри квадратни);
- Двособни (од околу 55 метри квадратни ) и
- Трособни (од околу 70 метри квадратни).

Становите од став 1 на овој член ќе се градат согласно Нормативите за изградба на станови од Проектот на Министерството за одбрана „АРМ мој вистински дом“.

Нормативите од став 2 на овој член ги донесува Министерот за одбрана.

Становите од став 1 на овој член ќе се градат според искажаните потреби.

Член 5

Вредноста на становите од Член 3 на овој правилник по метар квадратен на станот се утврдува врз основа на градежната цена по метар квадратен на станот, добиена преку претходно спроведена јавна постапка за избор на најповолен изведувач, зголемена за трошоците на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор за водење на инвеститорските работи и корегирана со процент за ориентација и процент за катност.

Цената по метар квадратен на станот добиена врз основа на градежната цена по метар квадратен на станот, зголемена за трошоците на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор за водење на инвеститорските работи, според досегашните анализи ќе изнесува 430 до 500 евра по метар квадратен.

Лицата кои конкурирале за стан на таа локација, а не прифаќаат евентуално добиена цена поголема од 500 евра по метар квадратен, не сносат никакви последици во однос на надоместок на трошоците за изработка на проектната документација.

Член 6

Корекција на цената по метар квадратен на станот се врши со процент за ориентација и процент за катност, односно процент за местоположба на станот во однос на висината на објектот.

Корекциониот коефициент за местоположбата на станот во однос на висината на објектот изнесува:

1. За катност ПР + 4
   - Приземје ................................................ (-6%)
   - I; II и III кат ........................................... (+5%)
   - IV кат ........................................................ (0%)
2. За катност ПР + 6
   - Приземје ................................................ (-7%)
   - I; II и III кат ........................................... (+4%)
   - IV и V кат ................................................ (+3%)
   - VI кат .........................................................(0%)

Корекциониот коефициент за ориентација на станот во однос на страните на светот изнесува:

- Југоисток .....................................................(+3%)
- Југ ....................................................................(+2%)
- Исток и Југозапад ....................................(+1%)
- Запад и Североисток ...............................(-1%)
- Северозапад .................................................(-2%)
- Север ...............................................................(-3%)

Член 7

Постапката за купување на стан во лична сопственост со уплаќање на лични средства 30% учество од утврдената цена на станот по метар квадратен и субвенционирање на дел од трошоците од страна на Министерството за одбрана, со плаќање на каматата на  останатите 70% од утврдената цена на

станот по метар квадратен, се спроведува по пат на интерен оглас во Министерството за одбрана.

Интерниот оглас се објавува на интернет-страницата на Министерството за одбрана и на огласните табли во командите и единиците на Армијата.

Рокот за пријавување на инерниот оглас не може да биде пократок од петнаесет дена од денот на неговото објавување.

Член 8

Заинтересираните кандидати доставуваат барање за купување на стан во лична сопстевсност со уплаќање на лични средства 30% учество од утврдената цена на станот по метар квадратен и субвенционирање на дел од трошоците од страна на Министерството за одбрана, со плаќање на каматата на останатите 70% од утврдената цена на станот по метар квадратен со потребните документи, до командите и единиците на Армијата кои се проследуваат до Комисијата од член 16 на овој правилник, во рок од петнаесет дена од денот на објавувањето на интерниот оглас.

Кон барањето од став 1 на овој член се доставуваат следните документи:

- изјава заверена на нотар дека поседува или не поседува стан добиен од станбениот фонд на поранешната ЈНА, Министерството за одбрана, односно сопствен стан, чија квадратура изнесува под 15 м2 по член на семејство. Во изјавата да биде наведен и бројот на сите членови на семејното домаќинство и нивното сродство со подносителот на барањето, со приложени копии од лични карти или извод од матична книга на родените, за децата кои немаат лични карти;
- доказ за степен на оштетување на организмот како последица на вршење на службата во Армијата, утврден со акт на надлежен орган и
- доказ за инвалидност на член на семејно домаќинство, утврдена со акт на надлежен орган.

Член 9

Лицата кои позитивно се изјасниле за решавање на станбеното прашање со купување на стан во лична сопственост од Проектот на Министерството за одбрана „АРМ мој вистински дом" со лично потпишување на писмена изјава, доколку не достават барање за купување на стан сносат идеален дел од трошоците за изработка на проектната документација за изградба на становите.

Вредноста на идеалниот дел на трошоците од став 1 на овој член не смее да ја премине сумата од 120 евра.

Член 10

Редот на првенство на кандидатите за купување на стан во лична сопственост со уплаќање на лични средства 30% учество од утврдената цена на станот по метар квадратен и субвенционирање на дел од трошоците од страна на Министерството за одбрана од член 2 на овој правилник се утврдува според:

1 местото на службување;

2. користење на стан под закуп, надоместок на трошоци за закупнина на стан;

3. години на работен стаж во Армијата;

4. семејна состојба (семејство, број на членови на семејно домаќинство);

5. користење на право на превоз (стварни трошоци-право на организиран превоз или надоместок на стварни трошоци за превоз);

6. степен на оштетување на организмот како последица на вршење на службата во Армијата, утврден со акт на надлежен орган;

7. инвалидност на член на семејно домаќинство, утврдена со акт на надлежен орган и

8. Квадратура на станот што го имаат во сопственост, добиен од станбениот фонд на поранешната ЈНА односно Министерството за одбрана или купен стан од сопствени средства.

Член 11

Како семејно домакинство се сметаат: брачниот другар, децата родени во брак или вон брак, посиноците, посвоените деца и децата земени на издржување и родители кои живеат во заедничко домаќинство (живеалиште) со подносителот на барањето.

Заедничкото домакинство се докажува со лична карта.

Член 12

Редот на првенство за купување на стан во лична сопственост со уплаќање на лични средства 30%учество од утврдената цена на станот по метар квадратен и субвенционирање на дел од трошоците од страна на Министерството за одбрана, со плаќање на каматата на останатите 70% од утврдената цена на станот по метар квадратен се определува со бодови.

Вкупниот број на бодови изнесува 100 бодови.

Член 13

Вкупниот број на бодови се добива според следните соодноси:

1. место на службување ......................................................................30 бодови.

- купува стан во Скопје, а работи во:

а) Скопје…............................................................................................. ..30 бодови.

б) други градови...................................................................................10 бодови.

- купува стан во Тетово , а работи во:

а) Тетово….............................................................................................30 бодови.

б) други градови...................................................................................10 бодови.

- купува стан во Куманово, а работи во:

а) Куманово...........................................................................................30 бодови.

б) други градови...................................................................................10 бодови.

- купува стан во Штип, а работи во:

а) Штип…..........................................................................................................30 бодови.
б) други градови..................................................................................10 бодови.

- купува стан во Велес, а работи во:
а) Велес...............................................................................................................30 бодови.
б) други градови..................................................................................10 бодови.

- купува стан во Прилеп, а работи во :
а) Прилеп...........................................................................................................30 бодови.
б) други градови..................................................................................10 бодови.

- купува стан во Кичево, а работи во:
а) Кичево…........................................................................................................30 бодови.
б) други градови..................................................................................10 бодови.

2. Користење на стан под закуп, надоместок на трошоци за закупнина на стан..............................................................................................................................30 бодови.

3. Години на работен стаж во Армијата ............................................ 15 бодови.
а) за работен стаж до 5 години ............................................................... 5 бодови.
а) за работен стаж од 5 до 20 години ....................................................10 бодови.
б) за работен стаж над 20 години ..........................................................15 бодови.

4. Семејна состојба (број на членови на семејство) .......................15 бодови.
а) самец............................................................................................................ 3 бодови.
б) два члена.......................................................................................... 6 бодови.
в) три члена.......................................................................................... 9 бодови.
г) четири члена......................................................................................12 бодови.
д) повеќе од четири члена...........................................................................15 бодови.

5. Користење на право на превоз (стварни трошоци-право на организиран превоз или надоместок на стварни трошоци за превоз)..........................................................................................................................30 бодови.

6. Степен на оштетување на организмот како последица на вршење на службата во Армијата, утврден со акт на надлежен орган ............................................................................................................................5 бодови.

7. Инвалидност на член на семејно домаќинство, утврдена со акт на надлежен орган ..........................................................................................................5 бодови.

8. Лицата кои не користат стан под закуп, право на надместок на трошоци за закупнина на стан и право на превоз, а имаат стан во сопственост добиен од станбениот фонд на поранешната ЈНА односно Министерството за одбрана или купиле стан со сопствени средства со површина помала од 15 м2 по член на семејство.........................................30 бодови.

Бодирањето од точките 2, 5 и 8 на овој член меѓусебно се исклучува.

Член 14

Со собирање на бројот на бодовите се утврдува редното место на лицето на ранг листата.

Член 15

Доколку две или повеќе лица имаат ист број на бодови, приоритет за купување на стан во лична сопственост има кандидатот кој има поголем број на бодови по основ на местото на службување.

Под еднакви услови од став 1 на овој член помеѓу два или повеќе кандидати приоритет има кандидатот кој има поголем број бодови по основ на надомсток на трошоци за закупнина на стан..

Под еднакви услови од ставовите 1 и 2 на овој член помеѓу два или повеќе кандидати приоритет има кандидатот кој има поголем број бодови по основ на работен стаж во Армијата.

Под еднакви услови од ставовите 1, 2 и 3 на овој член помеѓу два или повеќе кандидати приоритет има кандидатот кој има поголем број бодови по основ на семејна состојба.

Под еднакви услови од ставовите 1, 2, 3 и 4 на овој член помеѓу два или повеќе кандидати приоритет има кандидатот има поголем број бодови по основ на користњење на трошоци за превоз.

Под еднакви услови од ставовите 1, 2, 3, 4 и 5 на овој член помеѓу два или повеќе кандидати приоритет има кандидатот кој има поголем број бодови по основ на степен на оштетување на организмот како последица на вршење на службата во Армијата.

Под еднакви услови од ставовите 1, 2, 3, 4, 5 и 6 на овој член помеѓу два или повеќе кандидати приоритет има кандидатот кој има поголем број бодови по основ на инвалидност на член на семејно домакинство.

Под еднакви услови од ставовите 1, 2, 3, 4, 5, 6 и 7 на овој член помеѓу два или повеќе кандидати приоритет има кандидатот кој нема стан во лична сопственост односно има стан со помала квадратура по член на семејство.

Член 16

Постапката за рангирање на кандидати за купување на стан во лична сопственост со уплаќање на лични средства 30% учество од утврдената цена на станот по метар квадратен и субвенционирање на дел од трошоците од страна на Министерството за одбрана со плаќање на каматата на останатите 70% од утврдената цена на станот по метар квадратен ја спроведува Комисија за спроведување на постапка за купување на стан во лична сопственост и субвенционирање што ја формира министерот за одбрана (во натамошниот текст: Комисија).

Комисијата од став 1 на овој член е составена од седум члена и нивни заменици од Министерството за одбрана и Армијата, од кои два члена и нивни заменици како претставници на Репрезентативниот синдикат во Министерството за одбрана.

Административно-техничките работи на Комисијата ги врши секретар кој го определува министерот за одбрана.

По разгледувањето на доставената документација, Комисијата од став 1 на овој член изготвува Предлог-ранг листа на првенство за купување на стан во лична сопственост.

Предлог- ранг листата од став 4 на овој член се објавува на огласна табла во Министерството за одбрана и на огласните табли во командите и единиците на Армијата.

Член 17

Кандидатите можат да поднесат приговор против Предлог-ранг листата на првенство во рок од осум дена од денот на објавувањето.

Приговорот од став 1 на овој член се поднесува до Комисијата од член 16 на овој правилник .

Комисијата од член 16 на овој правилник во рок од десет дена е должна писмено да одговори по приговорот.

Член 18

По разгледување на приговорите, Комисијата од член 16 на овој правилник утврдува Листа на ред на првенство за купување на стан во лична сопственост со уплаќање на лични средства 30% учество од утврдената цена на станот по метар квадратен и субвенционирање на дел од трошоците од страна на Министерството за одбрана со плаќање на каматата на останатите 70% од утврдената цена на станот по метар квадратен и истата ја доставува до министерот за одбрана на одобрување.

Листата на ред на првенство за купување на стан се објавува на огласна табла во Министерството за одбрана и на огласните табли во командите и единиците на Армијата.

Член 19

Кандидатите можат да поднесат приговор против Листата на редот на првенство од член 18 на овој правилник во рок од пет дена од денот на објавувањето, до министерот за одбрана.

Министерот за одбрана во рок од пет дена од денот на подесувањето на приговорот од став 1 на овој член , одлучува по истиот.

Одлуката на министерот за одбрана по поднесениот приговор е конечна.

Член 20

Решение за станбено обезбедување со купување на стан во лична сопственост со уплаќање на лични средства 30% учество од утврдената цена на станот по метар квадратен и субвенционирање на дел од трошоците од страна на Министерството за одбрана со плаќање на каматата на останатите 70% од утврдената цена на станот по метар квадратен, донесува министерот за одбрана.

Член 21

По завршувањето на целокупната постапка и пред постапката за склучување на договор со банката, се врши распределба на становите.

Распределбата на становите во однос на зграда, местоположба на стан и катот на станот, се врши јавно и по случаен избор (по пат на ждребување).

Банката од став 1 на овој член е банка која дава најдобри услови за кредитирање, а се одбира преку јавна постапка која ја води Министерството за финансии.

Член 22

По извршената распределба и утврдената вредност на становите согласно Член 5 став 1 од овој правилник, се врши уплата на лични средства 30% учество од утврдената вредност на становите во банка одбрана согласно Член 21 став 3.

Со уплата на ратите се отпочнува следниот месец после уплатата на учеството од став 1 или после одреден грејс период доколку банката понуди односно прифати грејс период,

Член 23

На активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата на кого ќе му престане работниот однос поради стекнување право на пензија во текот на користење на правото од член 2 на овој правилник, му престанува правото на субвенционирање на каматата на преостанатиот неисплатен дел од долгот кон банката, од денот на престанокот на работниот однос по овој основ.

На професионален војник на кој службата во Армијата му престанува со навршување на 38 години возраст, му престанува правото на субвенционирање на каматата на преостанатиот неисплатен дел од долгот кон банката, од денот на престанокот на работниот однос .

Член 24

На активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата на кого ќе му престане работниот однос по негова вина, должен е да ги надомести трошоците субвенционирани од страна на Министерството за одбрана кои се однесуваат на:

-регулирање на обврската за обезбедување на локација за изградба на станови од Проектот на Министерството за одбрана „АРМ мој вистински дом“;

- регулирање на обврската за комунални трошоци кон единиците на локалната самоуправа;

- регулирање на обврската за изработка на проектна докумкенатција за изградба на станови од Проектот на Министерството за одбрана „АРМ мој вистински дом“;

- регулирање на обврската за плаќање на камата на банката за останатите 70% од утврдената вредност на станот по метар квадратен.

Член 25

Со донесување на овој правилник престанува да важи правилникот за станбено обезбедување на активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата на Република Македонија со купување на стан во лична сопственост бр.02-2708/1 од 01.04.2010 година.

Член 26

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Изработил: пполк.** Илиоски Ристе, дипл.град.инг.
**Одобрил:** Дејан Белевски
**Согласен:** Живкица Смилковска Ристевска, дипл.правн.

**МИНИСТЕР ЗА ОДБРАНА**
Зоран Коњановски

Врз основа на член 196 и член 197 од Законот за служба во Армијата на Република Македонија („Службен Весник на РМ„ број 36/2010), а во врска со член 2 од Правилникот за станбено обезбедување на активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата на Република Македонија со купување на стан во лична сопственост, број 01-2308/2 од 24.03.2010 година, ја давам следната:

**И З Ј А В А**

Јас ___________________________________ со ЕМБГ______________________,
(чин, Име, Татково Име, Презиме)

вработен во Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија, (сектор/ВП) ______________________ се согласувам трајно да го решам
(ВП, Гарнизон)

станбеното прашање со купување на стан во лична сопственост со уплаќање на лични средства 30% учество од утврдената цена по метар квадратен на станот и субвенционирање на дел од трошоците од страна на Министерството за одбрана, со плаќање на каматата на останатите 70% од утврдената цена на станот по метар квадратен со површина од околу __________________ м², во гарнизон
(35, 55 или 70 м²)

______________,

Се согласувам да ми престане правото на користење на службен стан, правото на надоместок на трошоци за закупнина на стан и користењето на правото на превоз (стварни трошоци-право на организиран превоз или надоместок на стварни трошоци за превоз), кое го остварувам согласно Законот за служба во Армијата на Република Македонија, со денот на потпишување на записник за прием на стан, односно добивање на клучевите од станот.

Се согласувам доколку по мое барање ми престане службата во Армијата на Република Македонија да ги надоместам трошоците утврдени во Законот за служба во Армијата на Република Македонија и Правилникот за станбено обезбедување на активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата на Република Македонија.

Се согласувам да се отпочне со изработка на проектна документација за изградба на станови од Проектот на Министерството за одбрана „АРМ мој вистински дом" согласно Правилникот за начинот на субвенционирање на дел од трошоците за купување на стан во лична сопственост на активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата на Република Македонија и Правилникот за станбено обезбедување на активниот воен и цивилен персонал на служба во Армијата на Република Македонија со купување на стан во лична сопственост.

Доколку по давањето на оваа изјава се откажам од купување на стан, се согласувам да ги надоместам реалните трошоци направени за изработка на проектната документација за изградба на станови од Проектот на Министерството за одбрана „АРМ мој вистински дом" .

Дата                                                        Подносител на изјавата

________________

_______________________________
(потпис)